Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 31.12.2021

На 30.12.2021, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје и полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција при МВР извршиле координирана акција за спречување на продавање и употреба на пиротехнички средства на подрачјето на град Скопје. Притоа, на Бит Пазар биле пронајдени и одземени 1.828 парчиња разновидни пиротехнички средства. По целосно документирање и расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2021 во 16.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Р.(24) од Куманово, затоа што кај него биле пронајдени и одземени 800 парчиња пиротехнички средства – петарди. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (31.12.2021) околу 02.00 часот на ул.„Македонско - косовска бригада" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода двајца малолетници од Швајцарија, затоа кај нив била пронајдена марихуана. По целосно докумнетирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.12.2021 во 01.15 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.М.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.12.2021 во 00.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Г.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2021 во 20.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(24) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени таблетки. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2021 во 21.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.И.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2021 во 21.15 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(22) од Велес, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и таблета. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2021 во 23.10 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Н.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2021 на ул.„Гоце Делчев" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Д.В.(38) од охридското село Велгошти, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2021 околу 15.10 часот на ул.„Ѓорче Петров" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода двајца малолетници од Тетово и тетовско Џепчиште, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 31.12.2021, полициски службеници од Полициската станица Ресен го лишиле од слобода Ш.Р.(29) од Ресен, затоа што кај него била пронајдена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2021, во периодот од 19 до 24.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведе акциска контрола, при што било утврдено дека 4 (ТЕ) возачи управуваат возила под дејство на алкохол. Тие биле исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и ќе се соочат со парични глоби, како и со мерка одземање на дозволите од три месеци до една година. При контролата, исто така, откриени и санкционирани биле и 6 други видови прекршоци (ТЕ-4 и ГВ-2).

На 30.12.2021 во 10.10 часот во СВР Охрид било пријавено дека на регионалниот пат Струга-Дебар, кај место викано „Лабунишки ливади", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „алфа ромео", со дебарски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(66) од Дебар и патничко возило „фолксваген голф", со швајцарски национални ознаки, управувано од Д.Т.(45) од Струга. Притоа, со тешки телесни повреди се здобиле возачот Д.Т. и Ш.Б.(60) од Дебар, сопатник во возилото „алфа ромео", констатирани во болницата „Св.Ераѕмо" во Охрид. Увид наместо извршила екипа од СВР Охрид.

На 30.12.2021 во 12.50 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.Ш.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Индира Ганди" била касната од куче скитник.

На 30.12.2021 во 16.00 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на ул.„Дупница" во Крива Паланка возило удрило во М.С.(58) од с.Конопница, по што го напуштило местото на несреќата. Притоа, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Крива Паланка. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на изминатото денонокие (30.12/31.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 13 прекршоци.

На 30.12.2021 во 17.30 часот во Полициската станица Драчево, М.В.(47) од Скопје пријавила дека на место викано „Три круши" била касната од куче скитник.

На 31.12.2021, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле З.Т.(35) од Штип, бидејќи кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против З.Т. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.12.2021 околу 00.10 часот во угостителски објект во атарот на гостиварско Неготино, во кој била спроведена акциска контрола, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ја привеле А.Т.(24) од Република Албанија, поради постоење сомнение за злоупотреба на туристичкиот престој, односно престојување спротивно на целта. Таа е задржана во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка.

На 30.12.2021, СВР Штип спроведе акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 17 мерки, меѓу кои 6 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за некористење сигурносен појас и 1 за непрописно паркирање.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против З.П.(41) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, во својство на овластено лице - директор на Агенција за храна и ветеринарство, во 2016 година ја злоупотребил службената положба и овластувања така што постапил спротивно на Законот за јавни набавки со што го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од 4.386.033 денари. Притоа овозможил противправна имотна корист во износ од 7.534.497 денари на фирма од Радовиш и противправна имотна корист во износ од 1.517.033 денари во корист на фирма од Скопје.

На 31.12.2021 во 01.30 часот во СВР Скопје, Ѓ.И.(38) од Скопје пријавил дека на 30.12.2021 околу 22.10 часот на ул.„Св.Кирил и Методиј" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 21.25 часот во СВР Скопје, малолетник од Скопје пријавил дека на паркинг на бул.„Гоце Делчев" неговиот малолетен другар бил физички нападнат од повеќе лица, кои му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2021 во 20.00 часот во СВР Скопје, Ј.К.(64) од Скопје пријавил дека на ул. „Веле Марков" бил каснат од куче скитник.

На 30.12.2021 во 23.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во и пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Т.(21), А.К.(21), А.Х.(20) и Е.Х.(19), од едната страна и К.Н.(29), Г.Б.(54), Д.П.(41) и В.Н.(23), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 30.12.2021 во 16.50 часот во СВР Скопје, К.М.(28) од Скопје пријавил дека околу 16.10 часот кај парк „Жена борец" на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 05.00 часот во СВР Скопје, Ќ.Н.(57) од Скопје пријавил дека околу 02.10 часот во трговски центар на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од неколку лица кои му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2021 во 09.30 часот во СВР Скопје, П.П.(32) од Скопје пријавил дека околу 07.00 часот во магацин од фирма на подрачјето на Гази Баба бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу него и негов колега П.П.(30) од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 30.12.2021 во СВР Скопје било пријавено дека во 17.05 часот на автопатот Тетово-Скопје, во близина на с.Ласкарци, скопско, четири лица со закана одзеле пари и мобилен телефон од Ј.И.(61) и Ј.Д.(49), кои управувале товарно возило „мерцедес спринтер", со скопски регистарски ознаки, сопственост на фирма од с.Крушопек, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.